Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

## Извадок на дел од дневни настани 08.01.2024

На 07.01.2024 во 18.10 часот во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода О.Џ.(31) од Гостивар и А.А.(24) од с.Форино, гостиварско. Тие се сомничат дека во текот на денот од објект во изградба одзеле градежен материјал. Одземениот материјал бил пронајден и вратен на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против лицата ќе следи соодветен поднесок.

На 07.01.2024 во 19.00 часот во Полициската станица за Граничен премин и Граничен надзор Богородица бил лишен од слобода Н.К.(20) од велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.378 ст.3 од Кривичниот законик. Имено, околу 18.00 часот на автопатот А1 кон с.Прдејци, откако полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и Граничен надзор Богородица сопреле патничко возило „пежо 407" со велешки регистарски ознаки, кое тој го управувал, било констатирано дека на возилото се користат регистарски таблички од патничко возило „форд фиеста". За случајот е известен Јавен обвинител и по негово целосно документирање ќе следи соодветен поднесок.
На 07.01.2024 во 10.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.М.(50) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.01.2024 во 04.40 часот во Полициската станица Карпош, Д.А.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Женевска" бил каснат од куче скитник.

На 07.01.2024 во 17.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", на влез во државата, при извршена контрола на К.С.(35) од Р.Косово кој приложил косовска лична карта, било констатирано дека во евиденцијата е со мерка „апси" по барање на Интерпол. Со него бил извршен службен разговор во кој тој изјавил дека по грешка приложил туѓа лична карта, по што ја приложил неговата патна исправа, при што било констатирано дека станува збор за Г.М.(28) од Р.Косово. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 07.01.2024 во 12.50 часот во Полициската станица Тетово бил задржан Е.Ф.(61) од с.Радуша, скопско, откако бил лишен од слобода од полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Рогачево, бидејќи не поседувал документи за возилото кое го управувал, а на кое биле поставени регистарски таблички од друго возило. По целосно документирање на случајот против него ќе следи соодветен поднесок.

На 07.01.2024 во 21.30 часот во Полициската станица Аеродром, С.П.(63) од Скопје пријавил дека на ул.„Владимир Комаров" бил каснат од куче скитник.

На 06.01.2024 на подрачјето на Велес, полициски службеници при извршена проверка на Т.О.(49) од Република Албанија, утврдиле дека има остварено нелегален влез и нерегулиран престој во државата. По насока на Основен суд Велес, изготвено е решение за протерување на странец и забрана за влез во државата, по што е извршен спровод до Полициска станица за граничен премин Ќафасан.

На 07.01.2024 во 15.15 часот во Полициската станица Чаир, М.И.(39) од Скопје пријавил дека на бул.„Босна и Херцеговина" бил каснат од куче скитник.

Денеска (08.01.2024) Од страна на Сектор за меѓународна полициска соработка – Одделение за потраги, во содејство со полициски службеници од СВР Штип лишен е од слобода Ч.Р.(25) од Штип. Тој е осуден на казна затвор во времетраење од 15 години и 4 месеци, за сторени кривични дела по член 383 и 144 од Кривичниот законик, а се барал со наредба од Казнено-поправна установа Затвор Идризово, каде има за доиздржување уште 5 години и 8 месеци. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за доиздржување на казната.

Денеска (08.01.2024) полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија го лишија од слобода И.С.(46) од Скопје. Имено, по добиена судска наредба од страна на полициските службеници бил извршен претрес во неговиот дом на подрачјето на Чаир, при што биле пронајдени три пакувања со кафеава прашкаста материја (хероин) во вкупна тежина од околу 14 грама, дигитална вага и поголем износ пари. Лицето е приведено и задржано во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по брза постапка.

Полициски службеници од СВР Скопје, Единица за недозволена трговија, денеска (08.01.2024) го лишиле од слобода З.М.(46) од Драчево, Скопје. Имено, по претходни сознанија и добиена наредба од Основен кривичен суд Скопје бил извршен претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени една ловна пушка и 44 ловни патрони. Лицето е приведено и задржано во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.01.2024 во 22.42 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 22.00 часот во с.Рашче, скопско, Љ.Џ.(30) од с.Рашче бил физички нападнат од неговиот соселанец Б.Х.(47), кој при нападот употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Вчера (07.01.2024) во 19.47 часот од ГОБ „8 Септември" е пријавено е дека Д.Т.(36) од Скопје, вработен во болницата, се здобил со повреда откако со нож му била нанесена расеченица од М.Н.(77) од Скопје, пациент во болницата. Според пријавеното, напаѓачот претходно во ходникот агресивно се однесувал и кон вработена во болницата. Полициски службеници излегле на местото на настанот, а во координација со Јавен обвинител по целосно документирање на случајот против М.Н. ќе биде поднесен поднесок по чл.304-г од Законот за здравствена заштита.

На 07.01.2024 во 14.30 часот во СВР Скопје, Ј.Д.(68) од Скопје пријавил дека во ходник од барака на прифатен центар на подрачјето на Сарај, поради претходно меѓусебно нетрпение, бил физички нападнат од Ф.А.(25) од Тетово и Џ.Р.(54) од Скопје, сите со престој во прифатниот центар. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.01.2024 во 13.07 часот П.Н.(27) пријавил дека во угостителски објект во Штип бил физички нападнат од А.А.(33), двајцата од Штип. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.Љ.(58) од село Требош, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори'' и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 03.01.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле куршуми калибар 12 милиметри за ловечка пушка, додека при претрес на патничко возило „фолксваген голф", сопственост на пријавениот, пронашле и одзеле кокаин.

На 07.01.2024 во 20.45 часот Е.Д.(35) од Штип пријавила дека на 06.01.2024 околу 02.30 часот во угостителски објект во Штип била физички нападната од В.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.01.2024 во 16.40 часот Д.А.(28) од Тетово пријавил дека околу 04.40 часот на ул. „Борис Кидрич" во Тетово, по претходна расправија околу случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од С.Т. и од Н.С.(35) од Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.01.2024 во 18.20 часот во Полициската станица Драчево, Б.С.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџиниколов" бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Б.(31) од село Пороj, тетовско и Л.Р.(22) од Косово, со живеалиште во Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори''. На 30.07.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над првопријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, која ја набавил од второпријавениот.

На 07.01.2024 во 15.40 часот во Полициската станица Гостивар, Д.А.(61) од Гостивар пријавил дека на ул.„Бранко Станојевиќ" бил каснат од куче скитник.

На 07.01.2024 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во дом на подрачјето на Шуто Оризари бил пронајден починат З.М.(43) од Скопје. Од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против И.М.(64) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „послужување во служба". Тој, вработен како службено лице во државна агенција, неовластено се послужил со парични средства доверени од страна на агенцијата со кои, покрај горивото што го ставил во службеното возило, дополнително платил и за гориво што го искористил за лични цели.

На 07.01.2024 во 20.00 часот во СВР Куманово, М.Д.(56) од Куманово пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот сопруг Ц.Д.(60), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.А.(39) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 07.10.2023 во Кичево, полициски службеници извршиле преглед во возилото кое го управувал, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.

Денеска (08.01.2024) во 01.40 часот во ОВР Кратово било пријавено дека во центарот на Кратово, пред угостителски објект бил нарушен јавниот ред и мир од страна на А.Ј.(26) од Скопје кој физички го нападнал С.П.(21), а со остар предмет го повредил М.Д.(19), двајцата од Кратово. Полициски службеници излегле на местото и при обид А.Ј. да биде лишен од слобода, Д.К.(23) од с.Каврак, кратовско, физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејства, а двете лица избегале со патничко возило, управувано од Д.М. од с.Железница, кратовско. Малку подоцна Д.К. е пронајден и лишен од слобода, известен е јавен обвинител и по целосно расчистување на случајот до инволвираните лица ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Х.Н.(29) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 26.06.2023 на магистралниот пат Кичево-Охрид, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет